РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

| | |
|---|---|
| Период кој се известува: 2017 година<br><br>Вкупен буџет:25.206.000<br><br>Број на вработени: 25 вработени на неопределено време и 6 вработени на определено време<br><br>www.dkip.mk | Одговорно лице:<br>Име и презиме: Александар Софронијоски<br><br>Звање: Претседател<br><br>E-mail:drzavnakomisija@gmail.com<br><br>Телефон:075 451 465 |

**Содржина:**


1. Резиме
2. Вовед
3. Статус, раководство, надлежност и организациона структура
4. Реализирани активности произлезени од законските надлежности, план за работа и стратешки план
5. Активности за подобрување на квалитетот во работењето
6. Соработка со други институции и меѓународна соработка
7. Буџет, завршна сметка и финансирање
8. Заклучоци
9. Препораки
10 Заклучок
11. Прилози


## 1. Резиме

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка како самостоен државен орган е формирана во 2015 година.

Од денот на формирањето до денот на изготвувањето на овој извештај истата бележи значителни достигнувања од причина што во 2015 година започна со работа само со претседател и пет члена без стручна служба, без простории, без опрема, без канцелариски материјал и буџет од 6.900.000 денари и вкупно примени 1104 предмети, решени 750 предмети. Во 2016 година истата брои претседател и

шест члена, 21 административен службеник, 6 вработени на определено време и буџет од 27 634 000 денари и вкупно примени 3589 предмети, решени 3037 предмети, за во 2017 година истата да брои претседател и шест члена, 25 административени службеници, 6 вработени на определено време и буџет од 25 260 000 денари и вкупно примени 3170 предмети, решени 2903 предмети.

Од вкупно решени 2903 предмети во 2017 година, биле оптужени 209 решенија од кои Управниот суд уважил само 27 тужби.

Во извештајот ќе биде опфатен статусот, надлежноста, организационата структура како и вкупниот број на примени и решени предмети во 2017 година по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка како и по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучува во прекршочна постапка.

Државната комисија имајќи го во предвид фактот дека бројот на предмети е констатен, но дека се зголемува сложеноста на истите има за цел да продолжи и следната година, ефикасно и ефективно да одлучува по истите во законски определениот рок.

## 2. Вовед

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка (во понатамошниот текст: Државна комисија) е основана согласно Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/2014) како нов државен орган кој е самостоен во својата работа, има својство на правно лице, претставува контролор на работата на извршната власт со што овозможува владеење на правото и функционирање на правната држава.

Државната комисија за своето работење поднесува годишен извештај до Собранието на Република Македонија кое врши непосредна контрола на нејзината работа.

Државната комисија во правниот поредок на Република Македонија е препознатлива по брзината на одлучувањето по изјавените жалби т.е одлучувањето во законски опредлениот рок, малиот број на оптужени решенија, немање на забелешки за нејзината работа од страна на надлежните органи од кои е побарано мислење по претходните извештаи, а немало ниту забелешки од страна на Државниот управен инспекторат, Државниот архив на РМ, а не е поднесена и ниту една претставка за нејзината работа до Народниот правобранител. Воедно, истата има големото влијание врз намалувањето на обемот на работа на Управниот суд во областа на областа на прекршоците.

### 2.1. Мисија

Обезбедување на висококвалитетна, професионална, независна, ефикасна и ефективна заштита на правата на сите субјекти во постапката по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка како и по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучуваат во прекршочна постапка.

### 2.2. Визија

Давање на придонес во подобрувањето на целокупниот систем на инспекциски постапки и прекршоци, преку квалитетна, ефикасна, ефективна и транспарентна работа.

## 3. Статус, раководство,надлежност и организациона структура

Државната комисија е составена од претседател и шест члена кои функцијата ја извршуваат професионално. Претседателот и членовите на Државната комисија ги избира по пат на јавен конкурс и ги разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија и истите се избираат за период од пет години со право на повторен избор. Членовите на Државната комисија од своите редови избираат заменик-претседател.

Претседателот и членовите на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка беа избрани од страна на Собранието на Република Македонија со Одлука за избор на претседател и членови на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.08-835/1 од 16.02.2015 година, а објавена во „Службен весник на Република Македонија" број 23/2015.

Со наведената Одлука за Претседател на Државната комисија е избран Александар Софронијоски, а за членови на Државната комисија се избрани: Симона Лескароска, Тања Дедејска, Зорица Стоилева, Неждет Винца и Хајрула Мисини. Од редот на членовите со Одлука за избор на Заменик претседател на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0401-45 од 19.05.2015 година избрана е Симона Лескароска.

Дополнително, на ден 11.01.2016 година со Одлука за избор на член на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка на Собранието на Република Македонија бр.08-157/1 од 11.01.2016 година, а објавена во „Службен весник на Република Македонија" број 4/2016 за член на Државната комисија е избран Владимир Петровски.

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка е надлежна за решавање по жалби против решенијата донесени во прв степен во инспекциската постапка како и по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучува во прекршочната постапка.

Начинот на работењето и одлучувањето на Државната комисија е уредена со Деловник за начинот на работата и одлучување на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0201-44 од 19.05.2015 година.

Државната комисија има стручна служба и на вработените во стручната служба се применуваат одредбите од законот со кој се регулираат правата и обврските на административните службеници.

Внатрешната организација на Државната комисија е уредена со Правилникот за внатрешна организација на стручната служба на Државната комисија бр.0101-76 од 31.07.2015 година.

Со Правилникот за внатрешна организација на стручната служба на Државната комисија се утврдува внатрешната организација на Државната комисија,

видот и бројот на организациските единици, нивниот делокруг на работа, начините и форми на раководење со делокруг на работа, раководењето и графичкиот приказ на внатрешната организација на Државната комисија (органограм).

Внатрешната организација на стручната служба е уредена согласно надлежностите на Државната комисија во Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и посебните закони со кои се определува надлежност за одлучување на Државната Комисија.

Внатрешната организација на стручната служба се заснова на начелата на:

-Законитост, стручност, ефикасност и економичност во вршењето на работите и задачите;

-Насоченост кон корисниците на услугите;

-Еднообразност и хиерархиска поставеност на организациските единици;

-Делегирање на овластувањата и

-Меѓуресорска и меѓусекторска координација.

Заради остварување на законските надлежности, обединување на повеќе меѓусебно поврзани функции, организирање, следење и координирање на работите, како и заради извршување на информатичко-технолошки работи, работи во врска со управување со човечки ресурси, нормативно-правни, информативно-комуникациски, информативно-документарни, стручно-аналитички, надзорни, материјално финансиски, инвестициски, стручно-административни и други работи во Државната комисија се основаат следните организациски единици:

1.Сектор за инспекциски надзор;
2.Сектор за прекршоци;
3.Сектор за стручно-административни прашања;
4.Посебна организациона единица-Одделение за финансиски прашања и
5.Посебна организацона единица-Одделение за човечки ресурси.

## 3.1. Состав на Државната комисија заклучно со 31.12.2017 година

| | |
|---|---|
| - Претседател на Државната комисија | 1 |
| -Заменик Претседател на Државната комисија | 1 |
| -Член на Државната комисија | 5 |
| **-Вкупно** | **7** |

## 3.2. Структура на стручната служба на Државната комисија заклучно со 31.12.2017 година

Со Правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на Државната комисија бр.0101-77 од 31.07.2015 година, Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во стручната

служба на државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0101-77/2 од 24.12.2015 година, Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0101-37 од 25.01.2016 година, Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0101-37/2 од 11.02.2016 година и Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0101-37/3 од 09.06.2016 година се предвидени вкупно 77 извршители, ситематизирани во 74 работни места, нивниот распоред, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици и посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места, а распоредени се на следниот начин и тоа:

| **Ниво на работни места** | **Звање** | **Систематизирани работни места** |
|---|---|---|
| А02 | Генарален секретар | 1 |
| Б01 | Државен советник | 2 |
| Б02 | Раководител на сектор | 3 |
| Б03 | Помошник раководител на сектор | 3 |
| Б04 | Раководител на одделение | 13 |
| В01 | Советник | 14 |
| В02 | Виш соработник | 9 |
| В03 | Соработник | 9 |
| В04 | Помлад соработник | 11 |
| Г01 | Самостоен референт | 1 |
| Г02 | Виш референт | 1 |
| Г03 | Референт | 1 |
| Г04 | Помлад референт | 3 |

Во Правилникот се утврдени и опишани и вкупно 3 (три) работни места на помошно - техничките лица, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на стручната служба на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Работните места се распоредени на следниот начин:
(други помошно – технички лица) (превоз на лица и опрема)
-Ниво А3 – Возач (1 )
-Ниво А3 – Курир (1)
-Ниво А3 – Хигиеничар (1).

**Административни службеници вработени на неопределено време:**

| | |
|---|---|
| - Државен советник | 1 |
| - Раководител на одделение | 2 |
| - Советник | 2 |
| -Помлад соработник | 9 |
| -Самостоен референт | 1 |
| -Виш референт | 1 |
| -Референт | 1 |
| -Помлад референт | 3 |
| **-Вкупно** | **25** |

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка на ден 24.11.2017 година со спогодба за пополнување на работно место преку преземање, превзема 4 (четири) административни службеници од трансфер листата која ја води Министерството за информатичко општество и администрација на Република Македонија и тоа 3 (тројца) советници и еден (1) виш референт со што бројот на вработени во 2017 година од 21 се зголеми на 25 вработени.

**Вработени со договор за вработување на определено работно време до 31.12.2017 заради привремено зголемен обем на работа:**

| | |
|---|---|
| - Раководител на одделение | 1 |
| - Виш соработник | 1 |
| - Соработник | 3 |
| -Помлад соработник | 1 |
| **-Вкупно** | **6** |

Од административните службеници вработени во Државната комисија со завршено високо образование се 25 административни службеници, со средно образование 6 административни службеници.

Во однос на половата застапеност во Државната комисија се вработени 13 мажи и 18 жени од кои на возраст од 25-29 години се 7 вработени, на возраст од 30-34 години се 12 вработени, на возраст од 35 – 40 години се двајца (2) вработени, на возраст од 40-44 години се тројца (3) вработени, на возраст од 45-49 години -нема, од 50-54 години се тројца (3) вработени, на возраст од 55-59 години се двајца (2) вработени.

Во однос на правичната застапеност во Државната комисија се вработени 25 македонци, 2 албанци 1 ром, 1 турчин, 1 влав и 1 вработен од други националности.

## 4. Реализирани активности произлезени од законските надлежности

Реализираните активности на Државната комисија кои произлегуваат од законските надлежности во текот на 2017 година се вкупно примените предмети во

2017 година и тоа 3.170 предмети од кои Државната комисија во 2017 година решила 2.078 предмети, а воедно решила и 825 предмети од 2016 година или вкупно во 2017 година решила 2.903 предмети, кои се прикажани во табеларниот преглед кој е прилог на годишниот извештај за работата на Државната комисија.

## 5. Активности за подобрување на квалитетот во работењето

Државната комисија во континуитет е насочена кон подобрување на квалитетот во работењето усогласувајќи го со финансиските можности предвидени со буџетот на Државната комисија за 2017 година и ребалансот на буџетот за 2017 година.

Имено до 2017 година во Државната комисија не е извршена ревизија на нејзиното работење.

Претседателот, членовите и раководните административни службеници, најмалу еднаш неделно одржуваат колегиуми и работни состаноци на кои се усогласуваат ставовите во однос на изјавени по жалби областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, како и се разгледуваат ставовите на Управниот суд и Вишиот управен суд во однос на донесените одлуки.

Државната комисија, постојано работи на својата транспарентност, има своја веб стана, има објавена листа на информациии од јавен карактер и овластените лица за давање информации од јавен карактер.

## 6. Соработка со други институции и меѓународна соработка

Државната комисија во текот на 2017 година соработуваше со прекршочните органи и тоа со прекршочните органи на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, Управата за јавни приходи, Царинската управа на Република Македонија, Комисијата за хартии од вредност, Агенцијата за храна и ветеринарство, Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија и други, како и со општините во Република Македонија, инспекторатите, Инспекцискиот совет и Управниот суд и др.

Имено, Државната комисија со цел за подобрување на работењето усогласувајќи ги ставовите со горнаведените институции одржуваше редовни состаноци и работилници на кои се дискутираше за дилемите и проблемите и за нивно соодветно надминување.

## 7. Буџет, завршна сметка и финансирање

Државната комисија се финансира од буџетот на Република Македонија кој во 2017 година изнесуваше 24.561.000,00 денари односно со ребалансот на буџетот за 2017 година донесен на ден 13.08.2017 година изнесуваше 25.260.00,00 денари.

Во табеларниот преглед прикажан е буџетот за 2017 година по ставки, како и

завршната сметка на Државната комисија за 2017 година.

| | Буџет 2017 | Завршна сметка 2017 |
|---|---|---|
| **401 – Основни плати** | **16.335.000** | **13.094.048** |
| **402 – Придонеси за социјално осигурување** | **6.041.000** | **4.862.674** |
| **420 – Патни и дневни расходи** | **150.000** | **190.299** |
| **421 – Комунални услуги, греење** | **1.300.000** | **551.306** |
| - **Комуникација** | **/** | **402.900** |
| - **Транспорт** | **/** | **42.659** |
| **423 – Материјали и ситен инвентар** | **200.000** | **142.526** |
| **424 – Поправки и тековни одржувања** | **200.000** | **233.482** |
| **425 – Договорни услуги** | **680.000** | **330.713** |
| **426 – Други тековни расходи** | **150.000** | **54.921** |
| **464 – Разни трансфери** | **0** | **0** |
| **480 – Купување на опрема и машини** | **0** | **0** |
| **Вкупно** | **25.056.000** | **19.905.528** |

## 8.Заклучоци

Имајќи ги во предвид законските основи и горенаведените резултати, може да се заклучи дека Државната комисија во исто време е квалитетен заштитник на правата на странките во инспекциската и прекршочната постапка, овозможувајќи го уставно загарантираното право на жалба по решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка и одлуки за прекршок донесени од страна на прекршочни органи, а воедно претставува и филтер кој го растерети од обем на предмети Управниот суд, при што мора да се земат предвид реалните предизвици со кои таа се соочи.

Од своето основање Комисијата вложи во зголемување на човечките капацитети за справување со разнороден обем на работа, земајќи во предвид дека има мал број на извршители кои директно ја вршат работата како овластени службени лица, степенот на сложеноста на предметите, дека истата постапува и одлучува согласно три процесни закони и над 100 материјални закони, и по изјавените жалби од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка решеваше во законски предвидениот рок.

Воедно, иста се соочува со потешкотии кои произлегуваат од работата на првостепените органи кои не ги доставуваат навремено и во целост списите по

предметите и покрај барањата и ургенциите за доставување на истите, уредувањето на жалбите и слично.

Во текот на 2017 година од вкупно нерешените предмети 1.092 по изјавени жалби во 2017 година, Државната комисија административно побарала докази или доуредување во 364 предмети. Исто така укажуваме дека во месец 11/2017 година се примени вкупно 246 предмети од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и во месец 12/2017 година се примени вкупно 294 предмети од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка или вкупно примени предмети во месец 11/2017 година и месец 12/2017 година се 540 предмети, за кои во моментот на изготвувањето на извештајот не е истечен законскиот рок за постапување.

Воедно, Државната комисија реално, фактички и правно не можеше да одлучува по наведените 364 жалби, за кои е побарано административно доуредување и комплетирање, од причина што доколку првостепениот орган не постапеше по барањето на Државната комисија за доставување на списите по предметот во утврден рок, Државната комисија не може да ја реши правната работа и без списите на предметот.

Иако, сметаме дека сеуште постои простор за унапредување како на човечките капацитети така и материјалните и просторни услови за работа на оваа комисија сепак го земаме во предвид фактот дека 2.694 решенија на Државната комисија не се оспорени, што укажува дека граѓаните, бизнисите и јавниот интерес биле заштитени во далеку покус рок и со пониски трошоци отколку за истите да биле поведени управени спорови пред Управниот суд.

Потребно е да се размислува околу јакнење на капацитетите на оваа Комисија и тоа не само од човечка, туку и од материјална природа.

## 9.Препораки

Државната комисија во процесите кои се одвиваат пред надлежните органи, а се однесуваат за работите кои ги извршува, смета дека треба да биде подобрена законската рамка за нејзино постапување, посебно преку изменување и дополнување на Закон за основање на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, со цел добивање на законско овластување доколку првостепениот орган не постапи барањето на Државната комисија за доставување на списите по предметот во утврден рок, Државната комисија да може да ја реши правната работа и без списите на предметот, а воедно бара и да биде вклучена во процесите кај овластените предлагачи на измените на законите кои непосредно ги применува, со цел подобрување на нивната содржина и практична имплементација.

## 11. Прилози

**- Статистичка анализа на предметите во Државната комисија**

**- Завршна сметка**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА,**
**Александар Софронијоски**